**Дамјан Златановски – кандидат за претседател на ФСС ФЕИТ 2025/26**

Здраво колеги,

Мојата одлука да се кандидирам за Претседател на ФСС ФЕИТ, се роди како природен тек на мојот тригодишен развој во организацијата. Од волонтер во прва година, претставник во Наставно-научниот совет во втора, до претседател на Комисијата за животна средина и инфраструктура и делегат во УСС УКИМ во трета, низ годините го стекнав искуството и визијата да ја водам организацијата со јасна цел: ФСС ФЕИТ да биде сервис и платформа исклучиво во служба на студентите.

Во изминатите три години, заедно со претходните состави, целосно ја трансформиравме организацијата во препознатлив и сериозен брен: бруцошката забава стана реномиран фестивал, БРУЦОШКА@ФЕИТ, , со десетина артисти и илјадници посетители годишно; Science@FEIT од студентска конференција, прерасна во првата меѓународна конференција на технички факултети во Македонија. Ги поврзавме академијата, индустријата и креаторите на политики со студентите и научивме дека вистински резултати се постигнуваат исклучиво со тимска работа и одговорно лидерство. Мојата цел е таа траекторија да ја продолжиме, уште поинтензивно, со новиот состав на ФСС ФЕИТ и уште повеќе да докажеме дека студентите се оние кои го движат општеството.

Покрај ангажманот во ФСС ФЕИТ, долгорочно сум активен во граѓанскиот сектор: од 13-годишна возраст сум вклучен во проекти за младинско учество и заштита на животната средина; од 2022 сум Млад европски амбасадор на Генералниот директорат за проширување (под Европската комисија) на ЕУ, фокусирајќи се на животната средина, младите, ЕУ интеграциите, човековите права и медиумската писменост; член сум и на „Глобал Шејперс“ хабот во Скопје, како врснички едукатор; летото 2024 го поминав на академска резиденција на Шипенсбург Универзитетот во Пенсилванија, како ситпендист на СУСИ за Студенти лидери од Европа, програма на State Department-от на САД. Овие искуства ми дадоа вештини и контакти кои можам да ги ставам во функција на студентите на ФЕИТ.

Мојата програма како претседател ќе биде јасно ориентирана кон студентите и заснована на четири столба: соработка, транспарентност, проактивност и вмрежување. Секој од нив јасно стои со цел зајакнување на студентскиот стандард на ФЕИТ во мојата визија и програма:

АКТИВНА КОНСУЛТАЦИЈА И ЕВАЛУАЦИЈА

- Враќање и активирање на Анкетата за семестријална континуирана евалуација на работата (АСКЕР) - механизам за следење на студентските потреби, поплаки и пофалби.
- Избор на заменик студентски правобранител на ФЕИТ.

ПОДОБАР КАМПУС И СТУДЕНТСКИ УСЛУГИ

- Иницијатива за изнаоѓање решение и забрзано реновирање на читалната на кампус, во координација со деканатите на ФЕИТ и МФС, со цел создавање современ и функционален простор за учење.
- Разгледување на опциите и иницирање решенија за студентскиот паркинг на Техничкиот кампус.

ЗАЈАКНУВАЊЕ НА МЕЃУФАКУЛТЕТСКАТА СОРАБОТКА

- Продлабочена соработка со ФСС МФС, ФСС ФИНКИ и ФСС ТМФ и со нивните деканати - споделување ресурси, заеднички настани и повеќе можности за студентите.
- Организирање на кариерни денови со можности за пракса и вработување во соработка со целиот Технички кампус.

ВНАТРЕШНА И НАДВОРЕШНА СОРАБОТКА И КАРИЕРА

- Иницијативи за олеснување на студентски пракси во приватни компании и интерно на институтите на ФЕИТ, со посебна поддршка за студенти од трета и четврта година.
- Формирање алумни мрежа со истакнати дипломирани професионалци од ФЕИТ и споделување на искуства.
- Иницијатива за поголема поддршка на студентски проекти.

РАЗВОЈ НА ВЕШТИНИ И ВОЛОНТЕРСКИ МОЖНОСТИ

- Креирање мрежа на волонтери и работни групи за лесно вклучување, учење и градење контакти во склоп на ФСС ФЕИТ.
- Континуирано организирање работилници за меки вештини, подготовка за кариера и практични обуки по насоки/смерови.

- Иницијатива за менторство за пишување трудови и поттикнување на научно-истражувачката дејност на ФЕИТ.

НЕФОРМАЛНО ОБРАЗОВАНИЕ И СТУДЕНТСКИ НАСТАНИ

- Враќање и поддршка на TECH@FEIT.

- Редовни едукативни посети на терен и засилена соработка со институтите на ФЕИТ, прилагодени по насоки.
- Иницијатива за воведување програми на англиски јазик и проширување на меѓународната соработка преку нови партнерства во рамки на Еразмус+.
- Поддршка за воведување декади во испитните сесии за подобро планирање и организација на испитните сесии.

Овие предлози и иницијативи се директен резултат на она што го имам увидено како простор за подобрување во изминатите години, а оставаат место и за натамошно дообликување денес. Тие произлегуваат од практично искуство, силна мрежа и јасна визија за тоа како идеите да ги претвориме во конкретни резултати што ќе имаат вистинско влијание врз студентскиот живот.

Затоа, ја барам вашата поддршка и доверба на претстојните избори. Заедно да изградиме транспарентен, продуктивен и студентски живот на ФЕИТ кој ќе го паметиме.

Да докажеме дека кога студентите се обединети со јасна визија и цели, можеме да придвижиме промени кои траат. Да покажеме дека ФЕИТ не е само место каде учиме, туку место каде растеме, се поддржуваме и креираме иднина.

Заедно да направиме чекор нанапред.

Ваш,

Дамјан Златановски

**Марко Доневски - кандидат за претседател на ФСС ФЕИТ 2025/26**

Почитувани колеги,

Јас сум Марко Доневски, студент во четврта година. Верувам дека силата на едно

студентско собрание произлегува од искрената посветеност кон заедницата, од лидерство кое служи, слуша и создава средина во која секој студент се чувствува важен, поддржан и вреднуван. Токму од таа верба и од желбата ФЕИТ да биде уште подобро место за учење и напредување, ја поднесувам мојата кандидатура за претседател на ФСС.

Мојата визија е ФЕИТ да стане факултет каде студентскиот живот не е само академска

обврска, туку и искуство што нè гради како личности и професионалци. Сакам да создадеме средина исполнета со идеи, можности и активно учество. Како претседател, ќе бидам посветен на транспарентно и отчетно функционирање на ФСС, со јасни механизми преку кои секој студент ќе може да го искаже своето мислење и да учествува во процесите што го засегаат неговиот студентски живот.

Еден од моите приоритети ќе биде збогатување на студентската култура и заедништвото. Ќе се заложам за организирање бруцошка забава што ќе ја зачува традицијата што веќе ја имаме, како и редовни пост-колоквиумски настани и дружења кои создаваат повесела и стимулирачка атмосфера за сите студенти.

Стојам цврсто зад идејата за основање на дебатен клуб на ФЕИТ- место каде студентите ќе развиваат аргументација, критичко размислување, јавен настап и лидерски вештини кои се значајни во секое професионално поле. Покрај тоа, ќе организирам работилници и обуки кои не се дел од класичната електро-програма, но се исклучително корисни за секој студент: комуникациски вештини, управување со време, тимска работа, како и подготвка на CV и LinkedIn профил.

Посебно ќе работам на создавање можности за вмрежување со компании и професионалци од индустријата. Преку гостински предавања, networking-настани и соработки со инженерски организации, студентите ќе добијат реален увид во светот на индустријата, а со тоа и појасна патека кон пракси, проекти и идни вработувања.

Дополнително, планирам да воспоставам интернационална соработка со факултети од

странство, со цел студентите да имаат можност да комуницираат, разменуваат идеи и

учествуваат во активности со колеги од други земји. Верувам дека отворањето на ФЕИТ

кон меѓународната академска сцена ќе донесе нови перспективи, контакти и искуства кои ќе нѐ збогатат како генерација.

Во рамки на мојата програма, ќе продолжам со поддршка на активности како Science@FEIT, со цел студентите да имаат можност за стекнување на знаења, надвор од класинчната настава. Верувам во вредноста на ваквите иницијативи и ќе се залагам тие да останат достапни и поддржани за сите што сакаат да учествуваат.

Дополнително, како дел од мојата програма ќе воспоставам официјална веб-страница на ФСС ФЕИТ, која моментално недостасува. На оваа платформа секој студент ќе моженавремено да се информира за активностите, одлуките и проектите на ФСС, што ќе

придонесе за поголема транспарентност и вклученост.

Искуството кое го стекнав во изминативе години, како демонстратор на ФЕИТ, како

претседател на организацискиот одбор на СКЕЕОР, преку разни студентски иницијативи и учества, ме научи на одговорност, организација, тимска работа и посветеност. Тие искуства ќе придонесат кон остварување на моите цели како претседател на ФСС и кон создавање функционална и студентски ориентирана програма.

Секој глас ќе биде слушнат. Секоја иницијатива ќе биде разгледана со почит и

внимание. Ќе бидам претседател кој е присутен меѓу студентите, достапен за разговор,

подготвен да помогне и посветен да работи во нивен интерес.

ФЕИТ е местото каде ја градиме нашата иднина, а јас верувам дека ако работиме искрено, со срце и со вистинска намера, можеме да создадеме средина во која секој од нас ќе се чувствува горд што е дел од оваа заедница.

Со почит и голема желба за заедничка промена,

Марко Доневски

## Мила Милошевска – прва година

Здраво :)

Јас сум Мила Милошевска, студент од прва година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, запишана на насоката Компјутерско хардверско инженерство и електроника. Со ова писмо ја изразувам мојата желба да станам дел од Студенсткото собрание на ФЕИТ. Верувам дека моите досегашни искуства, интереси и лични вредности ме прават одговорен и мотивиран кандидат кој ќе придонесе за подобрување на студентскиот живот на нашиот факултет. Уште во средно бев активен член во Ученичката заедница на СУГС „Орце Николов“, учествував во планирање и реализација на различни школски и воншколски активности и проекти. Преку тие искуства развив организациски способности, тимска работа, комуникациски вештини и чувство за одговорност, особини кои денес ми овозможуваат сигурно да застапувам група студенти, да ги слушам нивните потреби и да соработувам со институциите. Дополнително волонтирањето на хуманитарниот настан „Играме заедно“, насочен кон подигање на свесноста за лицата со атипичен развој и поттикнување инклузивност, ми помогна уште подлабоко да го развијам чувството за емпатија, разбирање и општествена одговорност. Тие искуства ми покажаа колку е важно секој човек да се чувствува прифатен, слушнат и вреднуван, принцип што сметам дека треба да биде основа и на студентската заедница. Интересот за ФЕИТ го имав уште пред да бидам студент. Како средношколец присуствував на настани организирани од факултетот, меѓу кои Scavenger Hunt-от кој беше дел од настанот „Кафе во дворче“ и Science@FEIT 2025, што ми даде увид во динамиката, атмосферата и вредностите на факултетот. Од самиот почеток имав желба да бидам активно вклучена во заедницата, земајќи пример од постари студенти. Поради тоа одлучив да волонтирам на овогодишниот настан БРУЦОШКА@ФЕИТ, активно помагајќи при огранизирање на настанот. Со задоволство ги споделував сите корисни информации што ги имав добиено од постари студенти, бидејќи верувам дека колегијалноста и меѓусебната помош се суштината на нашата средина. Сметам дека токму ова искуство, комбинација од лидерство, волонтерска работа, емпатија, тимски дух, познавање на студентските потреби и искрена желба да придонесам, се квалитети што би ми помогнале да ја извршам улогата на претставник на студентите од прва година. Овие ангажмани ме научија да се адаптирам, да ги слушам потребите на другите и да работам за доброто на групата, а не само поединецот. Подготвена сум активно да работам на подобрување на комуникацијата меѓу студентите и факултетот, создавање нови иницијативи што ќе го олеснат студентскиот живот, поголема информираност и поддршка за бруцошите и развивање активности што ги поврзуваат студентите од сите насоки.

Со почит,

Мила Милошевска

## Јован Дукмеџиев – прва година

Почитувани колеги,

Јас сум Јован Дукмеџиев, студент од прва година на студиската програма КХИЕ. Се запишав на ФЕИТ со желба да стекнам темелно знаење за технологиите во светот и да ги развијам вештините кои ќе ми го овозможат патот кон титулата електроинженер. Како студенти, нашиот целокупен развој е директно зависен од квалитетот на наставата, можностите што ги нуди факултетот и средината во која студираме, односно, во интерес ни е да имаме што помалку препреки во студиите. Затоа, верувам дека активното одржување и подобрување на условите е колективна одговорност, а јас најнепосредно можам да допринесам преку кандидирање за факултетското студентско собрание.

Нормално, од корист е и моето искуство за време на средното образование. Во трета и четврта година, самостојно реализирав работилници за математика, физика и програмирање, а со помош на моите соученици организирав повеќе хуманитарни акции и тродневна едукативна екскурзија. Исто така, бев активно вклучен во повеќе наградувани проекти кои ги презентирав на конференции и настани како Green Circ; ,,Млади физичари" и др. Други позначајни воншколски настани за кои имам придонесено или помогнато при организација се UrbanFM Fest, Underfest, Hills of Rock (музички фестивали); Prog Retreat (семинар за модерна прогресивна музика), како и повеќе концерти во и надвор од Македонија.

Доколку бидам избран, мојата главна цел е да станам претставник на интересот на студентите кој ќе биде достапен за сите. Сакам да работам на подобрување и зајакнување на комуникацијата и односот со професорите за да се постигне поголема транспарентност и ако некој има поплаки, критики, пофалби, или идеи за факултетската средина, сакам да бидам известен за да се создаде поефективна врска помеѓу студентите и собранието. Бидејќи сум прва година, се надевам дека ќе научам повеќе за ФСС ФЕИТ од поискусните колеги со кои заедно ќе организираме културни, забавни, и едукативни настани.

Со почит,

Јован Дукмеџиев

## Михаела Смилевска – прва година

Почитувани колеги,

Здраво :)

Јас сум Михаела Смилевска, студентка од прва година на Компјутерски технологии и инженерство. Со ова писмо ја изразувам мојата желба да станам член на Факултетското студентско собрание. Мојата мотивација да бидам дел од ФСС главно доаѓа од желбата да придонесам за подобрување на студентскиот живот и зголемување на учеството на студентите во тој процес. Сметам дека активното учество во заедницата е многу важно, но често изоставено од страна на младите.

Мојата цел е да ги поттикнам моите колеги да ја увидат важноста на нивниот придонес преку искажување на своите ставови и учество во носење на одлуки поврзани со квалитетот на студентскиот живот. Јас преку моето членство во ФСС ќе ги презентирам идеите и потребите на моите колеги со цел заедно да го подобриме студентскиот стандард. Можам да истакнам неколку работи од моето претходно искуство кои сметам дека најмногу имаат придонесено за стекнување на моите вештини и знаења, односно оние кои најмногу имаат придонесено во изградување на мојата личност. Бев член на Сојузот на средношколци каде бев дел од Комисијата за надзор. Со ова искуство научив како да го претставам мислењето на поголема група на млади и да се борам да се реализираат нивните идеи. Исто така бев претседател на хуманитарниот клуб во моето училиште каде што бев организатор на повеќе настани и акции. Со ова научив како да се справам со планирање и координирање на настан. Уште едно искуство кое ќе го истакнам е моето членство на дебатниот клуб при МОФ каде што се стекнав со говорнички вештини, а исто така научив да ги анализирам ситуациите од различни перспективи. Ова ми помага да проценам што е објективно во дадена ситуација и да го отворам погледот кон различни ставови. Се надевам дека со комбинирање на овие вештини и соработка со колегите ќе успееме заедно да достигнеме повисоко ниво на учество на студентите во носењето на одлуки, а со тоа и подобрување на студентскиот живот.

Со почит,

Михаела Смилевска

## Петар Димов – прва година

Почитувани колеги,

Јас сум Петар Димов, студент во прва година, запишан на смерот Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија во склоп на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Како свежо-запишан студент, би сакал да бидам дел од една рамноправна, забавна и истакната средина. Најдобар начин да се одржи ова е доколку уште рано во моите студии се зачленам во ФСС и го ширам гласот не само на сите бруцоши, туку и на целиот факултет како една целина. Во текот на моето образование, секогаш сум сакал да направам нешто повеќе. Токму ова ме мотивира сега да се кандидирам како член на ФСС. Сакам студентите секогаш да имаат глас, а знам дека никогаш нема да бидам пристрасен на моите мислења. Исто така, монотоноста на учењето знае да биде исцрпувачка, така што јас ќе се борам за секакви различни активности што ќе не направат нас студентите весели и среќни. Поради моето многугодишно искуство како дебатер, а покасно и предавач по дебата, имам развиено низа вештини за јавно говорење, аргументирање и изкажување на секакви ставови за најразлични теми. Токму поради ова, јас можам да се борам за мислењата и проблемите на сите нас. Никогаш нема да го ставам своето пред туѓото, и може да бидете сигурни дека „акадамескиот" дел од нашите студии ќе биде најдобар што може. Низата на Еразмус+ проекти ми дадоа шанса да се запознаам со луѓе од секакви позадини и да научам култури од многу држави. Покрај тоа, овие проекти беа полни со работилници, каде што јас учествував и собирав идеи за најразлични забавни и културни настани. Поради ова сметам дека би бил моќен додаток во организирање на една од главните одлики на нашиот факултет, а тоа се забавните настани со најразличлни карактери. Како студенти, најдобар начин да креираме убав почеток на овие незаменливи 4 години од нашите животи е да почнеме да работиме на тоа уште од сега. Затоа е важно заедно да си помагаме и да ја направиме оваа етапа најправедна и најинтересна за сите.

## Никита Јакимовски – втора година

Почитувани,

Јас сум Никита Јакимовски, студент во втора година на насоката „Компјутерско хардверско инженерство и електроника“ на Факултетот за електротехника и информациски технологии. Со ова писмо ја изразувам мојата желба да се кандидирам за член на Факултетското студентско собрание. Сметам дека ФСС има клучна улога во подобрување на студентската средина како и создавање на еден мост помеѓу студентите и раководството на факултетот.

Мотивиран сум да учествувам во еден ваков тим кој работи во интерес на сите студенти на нашиот факултет и придонесува кон реализација на потребните промени и проекти. Досега сум бил член во Ученичката заедница на СУГС гимназија „Орце Николов“ и сметам дека се здобив со големо искуство при организирање на настани, проекти и слично во склоп на една организација. Исто така помагав при организирање на Бруцошка@ФЕИТ, СКЕЕОР и Робомак во склоп на нашиот факултет.

Преку ваквото волонтерско искуство ги стекнав следните вештини: работење во тим и координација со различни луѓе, превземање на одговорност во тимска работа и да ги слушам различните ставови на групата и истите да ги пренесувам.

Убеден сум дека со својата енергија, одговорност и подготвеност за работа

можам да придонесам ФСС да биде поефикасно и поблиску до студентите. Ви

благодарам за вашето внимание.

Со почит,

Никита Јакимовски

# Мартин Тодороски – втора година

Почитувани студенти,

Мое име е Мартин Тодороски и со ова писмо ја изразувам мојата мотивација да секандидирам за член на ФСС при ФЕИТ. Верувам дека студентското организирање има клучна улога во подобрување на академската средина на нашиот факултет, како и квалитетот на студиите, и затоа сакам повторно активно да придонесувам.

Мојата мотивација произлегува од желбата да продолжам да работам за интересите на студентите и да бидам дел од тимот кој создава реални прокети и промени. Веќе имам искуство како активен член во студентското собрание, каде што учествував во организирање на настани како S@F, Brucoska@FEEIT и застапувањето на студентите при ННС. Дополнително, и по завршување на мојот претходен мандат, продолжив да се залагам и да помагам во активностите на студентското собрание, што ми овозможи да го задржам континуитетот и реално да ги согледам потребите на студентите.

Доколку бидам избран, моја цел е да придонесам за: поефикасна комуникација меѓу студентите и органите на факултетот, организирање на корисни академски и социјални активности и унапредување на условите за работа и учење.

Верувам дека моето досегашно искуство, мотивација и желба за напредок ќе ми овозможат активно и одговорно да го извршувам мандатот, доколку ми ја укажете довербата.

Со почит,

Мартин Тодороски

## Јован Стојковски – трета година

Почитувани,

Јас сум Јован Стојковски, студент од трета година по насоката КСИАР. Се решив оваа година да си го искористам, доколку ми ја дадете довербата, вториот мандат за член во ФСС. Со вакви работи се занимавам уште од средно каде што бев претставник во училишната заедница, во прва година бев член на ФСС, додека пак во втора иако не бев член сепак останав во тек со работите и проблемите што ги засегаат студентите. Оваа година повторно сакам да бидам формален претставник и да се обидам да го дадам мојот придонес кон издигнување на нашиот факултет на повисоко ниво.

Моментално сум студент од трета година и имам осет за кои се и каде лежат проблемите на факултетов. Состојбата на дворот на техничкиот кампус, читалната, повеќе простории и услови за студентски иницијативи, поголема отвореност на факултетот, општата дезорганизација на моменти кога има премногу државни празници кои се во работна недела... ФСС-ФЕИТ е препознаен по своите настани како Бруцоштка@ФЕИТ, Science@ФЕИТ и таа традиција треба да се продолжи и унапреди, но мора исто така да се стави акцент на функционирањето на факултетот од технички аспект. Доколку ја добијам вашата доверба планирам да се залагам за решавање горенаведените проблеми како и други кои секако постојат и верувам дека студентите ги чуствуваат.

Исто така верувам дека во студентите на нашиот факултет постои огромен потенцијал кој не е искористен од страна на ФСС. Мислам дека потребно ни е подобра организација на комисиите во рамки на ФСС-ФЕИТ на начин што тие ќе добијат поголема видливост и преку нив да можат да се изведуваат успешни иницијативи во што ќе бидат вклучени поголем број на студенти на ниво на факултет. Ова е нешто за што планирам да се залагам како и да се потрудам да обезбедам услови за да се случи. Комисиите мора да се преорганизираат и лично сакам да го формализирам начинот на кој што функционраат за да можат да им обезбедат услови на студенти со идеи, проекти, иницијатви да можат да ги реализираат.

## Маја Наумоска – трета година

Почитувани колеги,

Моето име е Маја Наумоска и сум студент во трета година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насоката Електроенергетика, автоматизација и обновливи извори на енергија. Со ова писмо ја изразувам мојата желба повторно да се вклучам во составот на Факултетското студентско собрание и активно да продолжам да придонесувам за развојот на нашата студентска заедница. Како студент кој секогаш се стреми да напредува, верувам дека ангажираноста и активно учество во факултетската заедница се клучни за личен и колективен развој. Се водам од желбата да придонесам таму каде што можам, да учам од другите, но и да ги споделам своите идеи и искуства. Верувам во отворена комуникација, тимска работа и иницијативи кои реално го подобруваат студентскиот живот.Во текот на изминатата година се вклучив во повеќе активности и организации кои ми помогнаа дополнително да се развивам како студент и како дел од академската заедница. Како член на СКЕЕОР, активно учествувам во организациски и проектни активности кои го зајакнуваат студентското поврзување, ја промовираат ангажираноста и ја збогатуваат академската и воннаставната динамика на факултетот. Истовремено, мојата вклученост во Yes Europe ми овозможи да се поврзам со млади професионалци од Европа и да ја продлабочам својата заинтересираност за енергетика, одржлив развој и иновации, области кои ме мотивираат и академски и лично.

Мојата главна цел како член на ФСС е да придонесам за уште поотворена, функционална и поддржувачка средина за сите студенти. Сакам да помогнам во организирање на едукативни, културни и забавни настани, да поттикнам подобра комуникација меѓу студентите и факултетот, и да работам на иницијативи кои ќе ги мотивираат студентите да се развиваат и да ги реализираат своите потенцијали. Верувам дека со заедничка работа можеме да создадеме академска средина во која секој студент ќе се чувствува слушнат, поддржан и охрабрен.

## Филип Бојаџиевски – трета година

Јас сум Филип Бојаџиевски, студент од трета година на студиската насока КТИ, и јас би сакал да се кандидирам за втор мандат на студентското собрание на ФЕИТ.

Веќе сум запознаен со обврските и искуството да си член на ФСС и да се залагам за студентите на нашиот факултет, и сум заинтересиран годинава пак да се ангажирам за таа цел.

Воедно имам и практично искуство во студентски организации преку членството на ИАЕСТЕ Македонија, како и моето искуство како демонстратор на лабораториски вежби. За време на мојот мандат ќе продолжам да се залагам за подобрување на студентскиот живот преку културни, едукациони и спортски настани како Робомак, Science@FEIT и Бруошка@EIT.

Како додатна цел би сакал да ја продлабочам соработката помеѓу нашиот факултет и електротехничките факултети во регионот, преку настани како Science@FEIT со цел поврзување на студентите од регионот и размена на искуства и идеи.

## Теодор Тодоровски – трета година

Јас сум студент на трета година на насоката КСИАР и веќе имам остварено еден мандат како член на ФСС.

Мојата мотивација да се кандидирам повторно произлегува од желбата да придонесам за поактивна, поврзана и информирана студентска заедница. Верувам дека преку ФСС можеме да создадеме подобри услови за работа, учење и развој на сите студенти.

ФСС можеме да создадеме подобри услови за работа, учење и развој на сите студенти.

Дополнително, имам повеќекратно учество во тимски дебати и натпревари, како и две освоени втори места на настани организирани од Собранискиот институт на РМ. Овие активности ми помогнаа да развијам критичко размислување, тимска работа и аргументирана комуникација – вештини кои сметам дека се исклучително корисни за работата во ФСС.

Доколку бидам избран, сакам да постигнам:

• поголема вклученост на студентите во воннаставни активности и студенски проекти,

• подобрување на комуникацијата меѓу студентите и ФСС,

• зачувување и унапредување на студентските права,

• поголема транспарентност во работењето и донесувањето одлуки.

Ви благодарам за вниманието и довербата.

Со почит,

Теодор Тодоровски

## **Климентина Патче – четврта година**

Здраво на сите, Јас сум Климентина Патче, студентка од четврта година на Факултетот за електротехника и информациски технологии, на насока Телекомуникации и информациско инженерство. Голема чест би ми било доколку оваа година ја добијам вашата поддршка да бидам претставник во Факултетското студентско собрание при ФЕИТ. Мотивирана од трудот на колегите кои во изминатите години посветено работеа на подобрување на студентскиот стандард на нашиот факултет, добив желба да се приклучам во оваа организација и да продолжам да ја развивам таа традиција на ангажман и креативност. Сметам дека по 3 години студирање, добро ги познавам предизвиците со кои се соочуваме, а преку моето учество во организација на различни настани, стекнав знаење и искуство со кое верувам дека можам да придонесам во оваа организација за подобрување на студентскиот живот. Во моментот, најактуелна тематика меѓу студентите од завршните години е задолжителната студентска пракса. Би сакала да се заложам за зајакнување на врската меѓу факултетот и индустријата, со цел оваа обврска да стане попристапна за сите студенти, и да обезбедиме поголем број практични можности и менторска поддршка. Гледајќи како ФСС во изминатите години ги унапреди Science@FEIT и Brucoshka@FEIT, не само како студентски настани, туку како препознатливи платформи за вмрежување, забава, како и за (не)формално поврзување на студентите, сакам да придонесам за нивниот понатамошен развој и афирмација. Верувам дека преку вакви активности ние студентите можеме да си помогнеме меѓусебно, да го направиме нашето искуство на факултетот позитивно и да создадеме средина во која секој може да расте не само професионално, туку и лично, и крајно, по дипломирањето, да бидеме горди што сме биле дел од ФЕИТ.

Со почит,

Климентина

## Томи Николоски – четврта година

Здраво! Јас сум Томи Николоски, студент од четврта година на Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии, на насоката Компјутерски Технологии и Инженерство. Досегашните искуства со Робомак, КМИ, СКЕЕОР и слични настани иорганизации од ми вродија желба да сум дел од овогодишната постава на Факултетскот Студентско Собрание при ФЕИТ. Мотивацијата за мојата кандидатура најмногу произлегува од улогата студент - демонстратор, каде последниве три семестри секојдневно поминувам време со помладите колеги. Конзистентната соработка која ја имам со нив и нивните успеси кои се плод на истата, само ме поттикнуваат и ми даваат до знаење дека сакам да сум дел од успешна студентска заедница,која студентите ги става на прво место, како што е ФСС. Сметајќи дека сум одговорна и креативна личност со добри организациски способности, би сакал да сум дел од организацијата на разни научно-образовни настани кои се случуваат на нашиот факултет, каде студентите имаат одлична можност да го прошират своето знаење, но секако и забавните настани, каде можат да се опуштат и зближат. Одговорноста и предизвиците што ги носи кандидатурата и членството на ФСС се секако големи, но сметам дека одлично би се снашол, затоа што ништо не е тешко ако се прави со љубов. Особено се радувам на

новите искуства и вештини кои би ги стекнал со ова членство, а уште повеќе на можностите со кои би можеле да го издигнеме ФЕИТ едно ниво погоре!

Со почит,

Томи Николоски

## Јелена Ѓошиќ  – четврта година

Јас сум Јелена Ѓошиќ, студент на четврта година на ФЕИТ, насока Компјутерско системско инженерство, автоматика и роботика. Како личност сум проактивна,

комуникативна и подготвена да се вклучам во иницијативи што носат вредност за студентската заедница. Оттука произлегува и мојата мотивација да се кандидирам, од желбата да го насочам потенцијалот и искуството што го стекнувам кон реални придобивки за студентите. Верувам дека тие заслужуваат претставник кој ги слуша, ги разбира и навистина застанува зад нив. Токму тоа сакам да го обезбедам, да го поддржам развојот на секој студент и да придонесам кон подобра заедничка иднина на факултетот. Лесно се прилагодувам на различни околности, отворена сум за соработка и секогаш настојувам да најдам конструктивен компромис. Сметам дека ваквиот пристап е клучен за квалитетна комуникација, функционално собрание и позитивни промени во студентската средина.

Во рамки на моето ангажирање, особено преку активностите во СКЕЕОР и како член на меѓународната организација YES-Europe, работев во тимови што организираат настани, воспоставуваат соработка со институции и комуницираат со студенти од повеќе генерации. Притоа стекнав силни организациски и комуникациски вештини, како и способност да делувам одговорно и ефикасно во динамични ситуации. Овие искуства ме научија да препознаам проблеми, да предложам практично решение и да преземам иницијатива кога е потребно, што покажува дека овие компетенции се вредни за подобро и поорганизирано функционирање на ФСС.

За време на мандатот би сакала да придонесам кон поефективно адресирање на студентските предизвици и воспоставување појасна комуникација меѓу студентите и факултетот. Мојата цел е да создадеме стабилна основа за вмрежување, соработка и споделување можности, каде што секој студент ќе биде информиран, вклучен и охрабрен да учествува во процесите што го засегаат.

На крај, најважно ми е да се зајакнат основните студентски права и да се создадат услови за повеќе интернационални соработки, размена на искуства и вклучување во меѓународни иницијативи. Верувам дека со организиран, инклузивен и транспарентен пристап заедно можеме да изградиме заедница која е поуспешна.

## Бојана Илиева – четврта година

Здраво на сите,

Јас сум Бојана Илиева, студентка од четврта година на насоката Електроенергетика, Автоматизација и Обновливи извори на енергија. Верувам дека нашата студентска заедница има огромен потенцијал кој може да се развива единствено доколку постои не само активна, туку и одговорна и посветена структура која ќе дејствува во име на студентите, па токму оттука произлегува мојата желба да сум дел од ФСС ФЕИТ. Да се учествува во студентски тим кој секојдневно ќе работи на подобрување на факултетското секојдневие е особено важно затоа што само студентите знаат што им недостасува, што може да се подобри и какви можности треба да им бидат овозможени. Преку моите досегашни академски и вонnаставни ангажмани стекнав вештини за кои сметам дека можат да бидат исклучително корисни за подобрување на целокупното студирање, од секојдневна комуникација, до поголеми иницијативи кои го дефинираат квалитетот на академското искуство. Посебно драги за мене се волонтирањата и дружбите на СКЕЕОР и Science@FEEIT, како и волонтерските активности во рамки на интернационалната организација European Young Engineers. Овие активности ми овозможија да работам со различни тимови, да

комуницирам со голем број студенти и професионалци и да придонесам кон настани што го збогатуваат студирањето. Благодарение на тоа, почувствував колку е важно студентите да имаат силна и организирана поддршка, како и колку многу може да се постигне со добра координација, ентузијазам и упорност. Во рамки на моето членство во ФСС би сакала да работам на унапредување на пристапот до академски и професионални можност (работилници, истражувачки програми, академски конкурси итн.), организирање на повеќе настани кои го поттикнуваат инженерскиот дух, соработка и споделување знаења, поддршка на иницијативи за модернизација на лабораториите и поттикнување на поголема вклученост на студентите во факултетските активности.

Верувам дека мојата посветеност, искрен интерес за студентските потреби и желбата да придонесам кон позитивни промени ќе ми овозможат одговорно да ја извршувам улогата на член на Студентското Собрание при нашиот факултет. Вашата поддршка ќе ми помогне да создадеме средина во која идеите можат да станат реални проекти, а заложбите – видливи резултати.

Со почит,

Бојана Илиева

## Илија Мижимакоски – втор циклус

Почитувани,

Јас сум Илија Мижимакоски, студент на прва година магистерски студии при Факултетот за Електротехника и Информациски Технологии. Со ова мотивациско обраќање сакам да ја изразам мојата подготвеност и желба да станам дел од ФСС.

Во изминатите четири години имав можност да бидам дел од повеќе иницијативи и активности кои ми овозможија поблиску да ја согледам динамиката на факултетот и потребите на студентите. Преку досегашната соработка со различни студентски тела и учество во организација организација на настани, стекнав искуство кое ме мотивира да продолжам уште поинтензивно да работам за развој на заедницата.

Особено вредно ми беше учеството во проекти кои носат видливи резултати – од академски активности, едукативни конференции и работилници, до студентски настани и натпревари. Преку овие искуства стекнав значајно знаење и практични вештини, како и способност да организирам и координирам активности кои го поттикнуваат студентскиот дух и создаваат можности за вмрежување. Верувам дека комбинацијата од академско искуство и активно учество во студентски иницијативи овозможува средина во која секој може да се развива и да го реализира својот потенцијал.

Во иднина, би се залагал за:

- подобрување на академската и студентската поддршка,

- поттикнување нови иницијативи за професионален развој,

- зголемување на соработката меѓу студентите и наставниот кадар.

ФЕИТ е институција со значајна улога за студентите, и сакам да придонесам за нејзино унапредување. Подготвен сум да се вклучам, да ги слушам студентите и да работам на практични решенија кои ќе ја подобрат работата и средината на факултетот.

Со почит,

Илија

## Стефан Вуловски Иванов – втор циклус

Почитувани колеги,

јас сум Стефан Вуловски Иванов студент на магистерски студии на смерот ОИЕ, кандидат за претставник од втор и трет циклус студии во ФСС. Како студент на ФЕИТ секогаш сум бил мотивиран од можноста да ја надградам мојата академска и професионална кариера затоа што оваа област не е само техничка дисциплина, туку е и платформа за создавање на одржлива иднина.

Во текот на моите додипломски студии активно учествував во: Студентската конференција за енергетска ефикасност и оддржлив развој (СКЕЕОР) како учесник со труд во 2025 и 2023 г. и во организацијата на СКЕЕОР во одделот на Меѓународна комуникација; Конференцијата МАКО СИГРЕ со труд во 2025г.;Science@FEIT во 2025г.

Инженерскиот натпревар „ИН" во Костал во 2022 г. со освоено прво место; Балканскиот конкурс „Го бараме новиот Тесла" со награден проект; Иновациски камп; Меѓународните конференции МЕФ и ЗЕМАК; Уредник на студентското списание „Авангарда" на УКИМ. Овие активности придонесоа за проширување на моите хоризонти, за развој на личното чувството на одговорност и тимска работа, и севкупно ми помогнаа да ги усовршам моите комуникациски и организациски способности. Мојата визија за работа на Собранието е: Создавање на поголема интеракција меѓу студентите и индустријата, преку организирање на работилници, гостувачки предавања, посети на компании и платени студентски пракси. Поттикнување на иновации и истражувања, преку иницирање на проекти кои ќе им овозможат на студентите да ја применат теоријата во пракса. Зајакнување на заедништвото меѓу студентите од сите студиски години, планирање и изведување на настани од научен и забавен карактер. Поедноставување на комуникацијата помеѓу студентите и наставниот кадар. Креирање на Форум каде студентите ќе ги споделат своите искуства,новости и идеи Секој од нас има моќ да направи промена. Мојата визија е да ги обединиме нашите таленти, да создадеме амбиент каде иновацијата, солидарноста и ентузијазмот ќе бидат основата на нашиот успех кој ќе резултира во создавање на подобар факултет, подобра заедница и подобро општество. Драги колеги, ве повикувам да верувате во себеси и во нас како колектив. Заедно можеме да ги надминеме бариерите, да ги прошириме хоризонтите и да изградиме патишта за нас и генерациите што доаѓаат по нас.

Ви благодарам што верувате во иднината и што сте подготвени да бидете дел од неа. Ќе ми биде чест да ја преземам оваа улога и да ја оправдам вашата доделена доверба!

## Филип Жаков – втор циклус

Почитувани,

Јас сум Филип Жаков, студент на втор циклус на студии на насоката Автоматика, Роботика и Системско Инженерство. Се кандидирам за претставник на студентите од втор и трет циклус во ФСС затоа што верувам дека напредните студии бараат и заслужуваат појасна структура, посилна поддршка и влијание кое ќе води до системски, а не козметички подобрувања.

Во изминатите години активно учествував во студентски иницијативи, а како претседател на студентскиот огранок, при македонската секција на IEEE, го организирав RoboMac, носејќи го натпреварот на повисоко организациско ниво. Ова искуство ме научи како да градиме функционален тим, како да претвориме идеја во реален настан и како да создадеме средина што ги поврзува студентите, академијата и индустријата. Верувам дека овие вештини директно ќе придонесат кон поефикасно и професионално функционирање на ФСС.

Доколку бидам избран, мојата цел е јасна: погласно застапување на студентите од втор и трет циклус, поактивна комуникација со факултетот и развивање иницијативи што ќе ја олеснат и подобрат нивната академска и истражувачка работа. Ќе работам студентите од втор и трет циклус конечно да добијат место каде нивните проблеми не се само „евидентирани“, туку навистина решени.

Со почит,

Филип Жаков